РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр 0203 – 234/1
15.10. 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 20 - 4259/3
18.10.2018 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК**

**од**

**15-тата седница на**

**Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

**одржана на 20.09.2018 година**

На 20.09.2018 година со почеток во 10:00 часот, во просториите на Владата на Република Македонија се одржа петнаесеттата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

На состанокот присуствуваа: г-ѓа Рената Дескоска – Министер за правда, г-ѓа Даница Џонова - В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП- Владин Агент, г-ѓа Лидија Димчевска – В.Д. Претседател на Апелациониот суд Скопје, г-ѓа Лидија Мартинова – судија на Апелациониот суд Скопје, г-ѓа Татјана Јањиќ Тодорова- државен советник во Уставниот суд на РМ, г-дин Александар Лазов – Генерален секретар на Уставниот суд на РМ, г-ѓа Лидија Ивановска – Претседател на Виш управен суд, г-дин Николчо Николовски – судија на Врховниот суд на РМ, г-дин Љубомир Јовески - Јавен обвинител на Република Македонија, г-дин Наке Георгиев – Претседател на апелационен суд Штип, г-ѓа Анита Андоноска – Генерален секретар во Судскиот совет на РМ, Татјана Трајаноска – Претставник од Кабинетот на Министерстерот за финансии, како и г-ѓа Ирена Цуцулоска од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

Своето отсуство од состанокот навремено го најавија Претседателот на Уставниот суд на РМ, Претседателот на Апелациониот суд Битола, Претседателот на Врховниот суд на РМ, Министерот за финансии, Министерот за надворешни работи. На состанокот исто така не присуствуваше Министерот за внатрешни работи и Претседателот на Советот за јавни обвинители.

Состанокот го отвори Министерката за правда, г-ѓа Рената Дескоска, која им посака добредојде на присутните и укажа на важноста на работата на оваа Комисија за извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права против Република Македонија. На почетокот Министерката премина кон усвојување на дневниот ред за состанокот и ги повика присутните да се произнесат доколку имаат некакви забелешки на предложениот дневен ред. Откако никој од присутните не се јави за збор, беше констатирано дека дека предложениот дневен ред е усвоен. Веднаш потоа го покани Владиниот Агент, г-ѓа Даница Џонова да ја образложи втората точка на дневниот ред која што се однесуваше на информација во врска со статусот на извршување на заклучоците од 14-тата седница на Меѓуресорската комисија.

Владиниот Агент ги поздрави присутните и премина кон образложување на втората точка на дневниот ред. Притоа, на почетокот, таа констатираше дека има многу слаб статус на извршување на препораките кои што поризлегоа од претходната седница и

покрај тоа што Бирото со посебен допис, дополнително на записникот, ги достави истите поединечно до сите засегнати институции кои што треба да постапуваат по нив. Потоа г-ѓа Цонова, премина кон образложување на статусот на извршување поединечно на секоја препорака донесена на минатата седница на Меѓуресорската комисија.

- ***Тасева против Република Македонија (А.бр. 73759/14) од 11 јануари 2018***

Најпрво, г-ѓа Цонова се осврна на препораката во предметот на Тасева против Република Македонија според која им се препорачува на Управниот и Вишиот управен суд на РМ при постапувањето по предлогот за повторување на постапката во предметот Тасева против Република Македонија да ги имаат предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот во оваа пресуда, особено во делот на доставување на поднесоците на спротивната страна до апликантката, односно да обезбедат доследно почитување на принципот на еднаквост на оружјата. Воедно, им се препорача на Управниот суд на РМ преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП веднаш по донесување на одлука по предлогот за повторување на постапката на апликантката да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП и да достави фотокопија во прилог од таквата одлука.

Таа истакна дека е добиена информација од управните судови дека е усвоено барањето на апликантката за повторување на постапката која е сеуште во тек.

Што се однесува до следната препорака за овој предмет „*Вишиот управен суд преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП, да ја извести Меѓуресорската комисија за ставот кој по однос на спорното прашање кое се покренува во пресудата Тасева протв РМ, ќе го заземе седницата на Вишиот управен суд на 2 април 2018*“ г-ѓа Цонова извести дека сеуште не е добиен одговор од Вишиот управен суд со информација за заземен став од Вишиот управен суд по ова прашање.

За збор се јави Претседателката на Вишиот управен суд г-ѓа Лидија Ивановска, која што изјави дека и покрај тоа што немаат формално донесено став по однос на ова прашање, во пракса веќе почнале да ги применуваат стандардите и праксата на Европскиот суд за човекови права, односно доследно се почитува принципот на еднаквост на оружјата и поднесоците редовно се доставуваат на спротивната страна. Владиниот Агент нагласи дека со цел да се затвори извршувањето на овој предмет, неопходно е постоење на формален акт/став на домашните судови за промена на праксата или судска пракса од која е видливо таквото постапување на управните судови, со цел да се докаже пред Комитетот на Министри дека државата презема чекори за извршување на пресудата и се преземаат мерки за превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП. По ова, Претседателката на Вишиот управен суд истакна дека таков став ќе биде донесен и ќе биде соодветно искомунициран со Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

Цонова, предочи дека решенија на линија на доследно почитување на ставот на ЕСЧП во споменатата пресуда се бараат и во одредбите на новиот ЗУС кој е во подготовка.

Судијата Николчо Николовски од Врховниот суд на РМ додаде дека ваквиот принцип треба доследно да се почитува и од страна на органите на управата, а не само за управните судови, бидејќи и органите на управата многу често го прекршуваат принципот на еднаквост на оружјата и не ги доставуваат релевантните документи/списи до граѓанинот. Владиниот Агент нагласи дека конкретната пресуда се однесува на недостаток направен од Управните судови и дека евентуален став по однос на постапувањето на органите на управата, нема да го надомести непочитувањето на управните судови на принципот на еднаквост на оружјата. Министерката за правда се надоврза и истакна дека предлогот на судијата Николчо Николовски го сфаќа како комплементарен на она што пресудата на ЕСЧП го бара од управните судови, и дека предлогот заслужува внимание, иако надвор од точката на дневен ред и надвор од конкретните барања за потребите на извршување на пресудата на ЕСЧП.

Во контекст на интервенцијата на министерката за правда дека мора да се вложат максимални напори за висок степен на извршување на пресудите на Европскиот суд за човекови права, не само за целите на извршување на пресудите на оваа меѓународна инстанца, туку и за целите на зголемување на степенот на почитување на човековите права во државата, претставникот на Уставниот суд даде предлог и Вишиот управен суд да биде вклучен во Мрежата на највисоки судови (формирана со цел зајакнување на дијалогот помеѓу највисоките домашни судови со Судот во Стразбур), затоа што преку оваа мрежа многу брзо судиите стануваат свесни и се запознаваат со најновата пракса на ЕСЧП. Иако не беше доведена во прашање целисходноста на ваквиот предлог, сепак се заклучи дека ова прашање треба да се рзгледува надвор од рамките на Меѓуресорската комисија за извршувањето на одлуките на ЕСЧП. По ова се премина следната точка на дневниот ред.

- ***Китановски против Република Македонија (А.бр. 15191/12) од 22 јануари 2015***

Владиниот агент напомена дека препораката од претходниот состанок во однос на овој предмет се однесуваше на тоа „*Јавното обвинителство на РМ да ја разгледа можноста за издавање на задолжително упатство до сите јавни обвинителства за задолжително почитување на одредбите на ЕСЧП за спроведување на ефикасна истрага особено во случаи на наводи за тортура од страна на претставници на државните институции и во рок од 30 дена преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за тоа да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП*“. Како и да е, Владиниот Агент напомена дека до денес не е постапено по препораката, односно такво упатство не е издадено од страна на Јавното обвинителство на РМ.

Јавниот обвинител на РМ се јави за збор и истакна дека точно е дека досега вакво упатство не е донесено, и укажа на тоа дека обвинителството во меѓувреме било во контакт со Бирото за застапување на РМ заради размена на информација во функција на постапување по заклучокот и препораката и навести дека наскоро ќе бидат преземени активности со цел реализација на препораката.

Владиниот агент додаде дека реализацијата на оваа препорака е од интерес, не само на конкретниот предмет на дневен ред, туку и за цела група на пресуди на ЕСЧП против РМ во кој е констатирана повреда, особено на процесниот аспект на членот 3 од ЕКЧП, поради отсуство на ефикасна истрага во случај на наводи за тортура или друг облик на нечовечко постапување од страна на полицијата.

Притоа, Министерката за правда замоли сите претходно наведени документи кои што беа спомнати да бидат доставени во рок од 10 дена до Бирото и Меѓуресорската комисија.

- ***Хајрулаху против Република Македонија (А.бр. 37537/07) од 29 октомври 2015***

Во однос на препораката по однос на овој предмет усвоена на претходниот состанок „*Судскиот совет на РМ да ја разгледа можноста за преземање на евентуалните мерки против оние индивидуалци кои ја употребиле спорната изјава на апликантот дадена под присилба односно тортура во текот на судењето односно постапката против апликантот, и во рок од 30 дена преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП*“, Владиниот агент нагласи дека сеуште немаме добиено никкава повратна информација за статусот на постапување по оваа препорака, како би можела истат да ја презентира на присутните.

Претставникот на Судскиот совет на РМ информираше дека наскоро Судскиот совет ќе одлучува по ова прашање по што ќе биде испратена и информација до Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП.

- ***Борис Стојановски против Република Македонија (А.бр. 41916/04) од 6 мај 2010;***

По однос на овој предмет, Владиниот Агент потсети на препораката од претходната седница „*Врховниот суд на РМ да ја разгледа можноста за донесување на мислење или начелен став од страна на Врховниот суд на РМ, (по примерот на Бугарија во предметот Атанасова против Бугарија) со кои ќе се предвиди дека кривичните судови и случај на настапена застареност, амнестија или смрт на обвинетиот, треба да продолжат со постапката и мериторно да одлучат по евентуалното имотно правно барање предјавено во текот на истата кривична постапка од страна на*

*оштетниот*". Таа додаде дека на 5ти октомври 2017, добиено е известување од Врховниот суд на РМ дека такво правно мислење не е донесено, притоа упатувајќи на одредбите од ЗКП за имотно правно барање. Од дискусијата и интевенцијата на судијата на Врховниот суд се заклучи дека е очигледно дека решението на спорното прашање не може да се реши по примерот на случајот против Бугарија и во рамките на Врховниот суд на РМ, па бидејќи се работи за предмет на чие извршување се чека повеќе од 5 години, а како во моментот се работи интензивно на измени на ЗКП кои се планира наскоро да се пуштат во процедура, се заклучи дека најопортуно во околностите на случајот е решението да се бара во законска интервенции во ЗКП.

- ***Настеска против Република Македонија (А.бр. 23152/05) од 27 мај 2010; Атанасов 1 против Република Македонија (А.бр. 22745/06) од 17 февруари 2011; и Ефтимов против Република Македонија (А.бр. 59974/08) од 2 јули 2015.***

Следно, Владиниот Агент истакна дека во однос на овој предмет четирите апелациони судови во РМ беа должни да ја разгледаат можноста за донесување на начелен став во врска со задолжително повикување на двете страни во кривичната постапка, на седницата по жалба пред апелационите судови со цел соодветно гарантирање на принципот на еднаквост на оружјата и во рок од 30 дена преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП по однос на таквата можност или евентуално усвоениот начелен став. Таа напомена дека со дописи од 8 и 16 мај 2018 Апелациониот суд во Битола ја извести Меѓуресорската комисија и Бирото дека на одржаната средба на четирите апелациони судови за воедначување на судската пракса, донесен е Заклучок согласно препораката на Меѓуресорската Комисија, кој што веќе се применува. Владиниот Агент нагласи дека се чека Заклучокот да биде дополнително испратен од страна на апелационите судови, но исто таа нагласи и дека ова прашање како и сите останати кои се однесуваат на ЗКП, а се покренуваат како спорни во пресудите на ЕСЧП, задолжително треба да бидат земени предвид при менувањето на ЗКП, секаде каде е можно нивно адресирање со законска интервенција.

- ***Митриновски групата на предмети (Попоски и Дума против Република Македонија (А.бр. 69916/10 и А.бр. 36531/11); Јакшовски и Трифуновски против Република Македонија (А.бр. 56381/09 и А. Бр. 58738/09); Геровска Попчевска против Република Македонија (А.бр. 48783/07); Митриновски против Република Македонија (А.бр. 6899/12))***

По однос на оваа точка, Владиниот Агент исто така потсети дека препораката од претходната седница се однесувала на тоа дека *Судскиот совет на Република Македонија по завршувањето на повторените постапки покренати од страна на жалителите во врска со пресудите на ЕСЧП во предметите Попоски и Дума против*

*Република Македонија (А.бр. 69916/10 и А.бр. 36531/11) од 7 јануари 2016; Јакшовски и Трифуновски против Република Македонија (А.бр. 56381/09 и А. Бр. 58738/09) од 7 јануари 2016; Геровска Попчевска против Република Македонија (А.бр. 48783/07) од 7 јануари 2016, преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП е должен да ја извести Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП и притоа да достави фотокопија од донесените одлуки.* Притоа таа го повика претставникот на Судскиот совет на РМ да потврди дали постапките се сеуште во тек.

Г-ѓа Анита Андоноска – Генерален секретар во Судскиот совет на РМ истакна дека постапките се сеуште и дека штом бидат завршени ќе биде испратена информација за исходот од истите.

По исцрпувањето на информацијата за статусот на извршување на сите заклучоци поединечно од 14тата седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП, Министерката ги замоли сите засегнати органи/институции кои што е потребно да постапат по заклучоците и да испратат соодветни известувања, истото да го направат во рок од 10 (десет) дена.

Потоа Министерката премина на третата точка на дневниот ред која што се однесува на информација и разгледување на предлог мерки за извршување на ново донесените пресуди на ЕСЧП. Збор и даде на г-ѓа Даница Џонова – Владин Агент да ги образложи предметите кои што се дел од оваа точка на дневниот ред.

- ***Селами и други против Република Македонија, А.бр. 78241/13, пресуда од 1 март 2018***

Владиниот Агент најпрво накратко ја образложи пресудата и ставовите на ЕСЧП. Притоа таа истакна дека Комитетот на министри во насока на извршување на оваа пресуда очекува да се разгледа можноста за донесување на начелен став во врска со зголемување на сумите за надомест на штета кој се досудуваат од страна на домашните судови на линија на ставовите на ЕСЧП изнесени во оваа пресуда. Таа замоли апелационите судови да ја разгледаат оваа можност и преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП по однос на таквата можност или евентуално усвоениот начелен став. Притоа, таа укажа на тоа дека сличен став има донесено Врховниот суд на РМ во врска со предметите кои што се однесуваат на правото на судење во разумен рок, кој беше рефлектиран и во одлуката на ЕСЧП во случајот на Аџи-Спиркоска и други против Република Македонија и Илчо Топузовски против Република Македонија. Судијата на Врховниот суд Николчо Николовски истакна дека ова прашање треба да се разгледува заедно со апелационите судови и Врховниот суд за РМ.

Се заклучи дека ова прашање може да се покрене и да се разгледа на една од заедничките средби помеѓу четирите апелациони судови и Врховниот суд . Со оглед на тоа дека присутните информираа дека ваквата следна средба се очекува да биде во текот на месец октомври, министерката за правда  предложи ова прашање да се разгледа на средбата во октомври и за заземениот став повратно за тоа да се информираат Меѓуресорската комисија.

Во контекст на интервенцијата на судијата Николовски дека треба да се прави разлика во однос на различните основи за надомест на штета (мачење и други облици на нечовечко постапување од една и неосновано лишување од слобода, од друга страна), Џонова укажа дека за ставот кој треба да се изгради упатно е да се земе предвид и висината на надоместоците на нематеријална штета кои ЕСЧП ги досудил не само во конкретниот предмет туку и во други релевантни пресуди на ЕСЧП против РМ и во оваа смисла се стави на располагање за соработка за целите на анализа на праксата на ЕСЧП во однос на РМ.

- ***Сејдији против Република Македонија, А.бр. 8784/11, пресуда од 7 Мај 2018 и Рамковски против Република Македонија, А.бр. 33566/11, пресуда од 8 февруари 2018***

Владиниот Агент накратко образложи дека овие два предмети се приклучуваат на низата од ист вид, каде како проблем се јавува отсуството на доволно образложени причини за продолжување на мерката притвор. Таа истакна дека останува нејасно и неизвесно дали законската интервенција во ЗКП која предвидена обврска за образложение на приините поради кои поблагите мерки во секој конкретен случај не се алтернатива, допринесоа за надминување на проблемот, зошто некои од предметите кои се изнесуваат пред ЕСЧП датираат од периодот по воведувањето на споменатите законски одредби во ЗКП.   Таа укажа дека овој проблем е дотолку посеризен, ако се има предвид дека во случајот се чинат исцрпени сите можности за законска интевенција со цел надминување на проблемот.

Во контекст на тоа дека решението треба да се бара во праксата на домашните судови, г-ѓа Татјана Јањиќ Тодорова нагласи дека преку Академијата за судии и јавни обвинители постојано се организираат обуки кои се високо релевантни за темата.

Во секој случај, Владиниот Агент нагласи дека пред Комитетот на министри може да се проблематизира извршувањето на група предмети против РМ во кои ЕСЧП констатирал исти повреди на ЕКЧП како во двата на дневен ред, токму поради постоењето на нови предмети кој се доставуваат на одговор со слични или исти наводи за повреда на ЕКЧП.

- ***Смичковски против Република Македонија, А.бр. 15477/14, пресуда од 5 јули 2018***

Владиниот Агент ја образложи накратко и оваа пресуда против Македонија и истакна дека потребно е Основниот суд Скопје I Скопје при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда доколку жалителот Дамјан Смичковски поднел предлог за повторување на постапката.

Со оглед дека повредата во конкретниот случај се однесува на повреда на членот 6 поради несослушување на сведоци на одбраната, потребно е да се разгледа можноста за поинтензивна и по можност изадолжителна обука на сите кривични судии на темите поврзани со членот 6 од ЕКЧП.

- **Асани против Република Македонија, А.бр. 27962/10, пресуда од 1 февруари 2018**

Владиниот Агент укажа дека во овој предмет проблемот е сличен, но не и идентичен како и во Смичковски. Сепак таа додаде дека за разлика од случајот Смичковски, за целите на извршување на пресудата Асани, препорачливо е да се разгледа и можноста за зајакнување на кривично процесната законска рамка со цел превенирање на идни и слични повреди на Европската конвенција за човекови права.

Во оваа смисла Џонова наведе дека Бирото за застапување веќе подготвува анализа на пресудите на ЕСЧП против РМ која ќе ја достави до работната група која работи на измените на ЗКП со цел законска интервенција во сите сегменти каде тоа е можно или потребно, не само за целите на извршување на пресудите на ЕСЧП, туку и целите на постигнување поголем степен на хармонизација на домашното законодавство со стандардите од ЕКЧП, обезбедување на поголема правна извесност и сигурност во домашниот правен поредок и превенирање на слични повреди во иднина.

Сепак, таа нагласи дека во меѓувреме домашните судови треба да се придржуваат до ставовите на ЕСЧП, зошто за надминување на проблемите на кои укажуваат случаевите на Асани и Смичковски најдобри решенија може да понуди промената во домашната судска пракса. Во таа смисла таа повика на придржување до становиштата на ЕСЧП при домашното правораздавање за целите на превенирање на идни слични повреди на ЕКЧП и повторно укажа на потребата на поинтензивна обука на судиите.

- **Православната охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на пеќката патријаршија)" против Република Македонија, А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017 и Бекташиската заедница и други против Република Македонија, А.бр. 48044/10; 75722/12 и 25176/13, пресуда од 12 април 2018**

Во врска со овие два предмети на дневниот ред Владиниот Агент појасни дека со цел нивно извршување, од страна на Комитетот на министри се очекува регистрација на овие верски здруженија во согласност со ставовите на ЕСЧП во предметните пресуди,

слично како што тоа било направено во случајот *Радко и Паунковски против РМ.* Дополнително на тоа потребно е Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на задолжителните обуки планирани за 2018/9 година да организира обуки за судиите од домашните судови, вклучително и судиите од Уставниот суд, во насока на следење на праксата на ЕСЧП при одлучување по барањата за регистрација на религиозни здруженија.

- **Еуромак Метал v. Република Македонија, А.бр. 68039/14, пресуда од 14 јуни 2018.**

Владиниот Агент накратко ги образложи повредите утврдени во овој предмет и истакна дека со цел негово соодветно извршување и известување на Комитетот на министри потребно е Министерството за финансии да ја разгледа можноста за измени на Законот за данокот на додадена вредност со цел превенирање на идни и слични повреди на Европската конвенција за човекови права. Ова се чини неопходно имајќи ги предвид причините констатирани во пресудата на ЕСЧП, како и околностите кои довеле до повреда и праксата на домашните институции, како и фактот дека ставовите во овој случај против државата ЕСЧП претходно веќе ги зазел во случаи против Бугарија на кои ЕСЧП се повикува и реферира во пресудата против РМ. Во оваа смисла, таа наведе дека Бирото направило анализа на достапните документи во однос на начинот на извршување на пресудите од страна на Р. Бугарија и дека целокупната достапна документација со барање да се разгледа можноста за измени на Законот за ДДВ, од кој се чини произлегува коренот на проблемот, се веќе доставени до Министерството за финасии и Управата за јавни приходи. Таа појасни дека ова е направено и покрај фактот што оваа пресуда сеуште не е правосилна поради фактот што апликантот има поднесено барање за упатување на предметот пред Големиот судски совет, но имајќи предвид меѓутоа дека поради ваквите околности, пресудата не може да се смени во прилог на државата.

Во светло на ова се заклучи Министерството за финасии во рок од 60 дена да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за презедените мерки.

Притоа Владиниот Агент го извести претставникот на Министерството за финансии дека им стои на располагање доколку се потребни одредени појаснувања околу извршувањето на оваа пресуда. Претставникот од Министерството за финансии изјави дека веднаш штом го добијат дописот, истиот ќе биде разгледан и доколку се потребни одредени појаснувања, ќе го контактираат Бирото.

Претседателката на Вишиот управен суд истакна дека при измени на Законот за данокот на додадената вредност, треба да се имаат предвид и останатите закони кои што е потребно да се усогласат со овој закон заради конзистентност во правниот

поредок. Ставот беше поддржан, но се ззаклучи дека сепак анализата во оваа смисла останува на Министерството за финасии.

- **Љатифи против Република Македонија, А.бр. 19017/16, пресуда од 17 мај 2018 година.**

Во врска со оваaa пресуда, Владиниот Агент појасни дека истата сеуште не е правосилна од причина што државата има поднесено барање предметот да биде разгледуван од страна на Големиот судски совет. Сепак таа нагласи дека причините на Владата не се однесуваат на постапувањето на управните судови и дека во таа смисла останувaат забелешките на ЕСЧП во однос на квалитетот на судскиот надзор, што треба пак да изврши и влијание врз квалитетот на работата на МВР. Претседателката на Вишиот управен суд истакна дека сега веќе е сменета пракса на управните судови и дека Вишиот управен суд веќе има укинато пресуди на Управниот суд во слични случаеви како Љатифи поради причини слични на оние како во случајот на Љатифи.

Откако се исцрпи дискусијата по сите предмети од првите три точки на дневниот ред, Министерката ги покани присутните доколку имаат некаков коментар под точка разно да го изнесат.

Претседателката на Вишиот управен суд побара пресудите на ЕСЧП побрзо да се доставуваат до членовите на Меѓуресорската комисија и до судовите со цел порано да бидат запознати со нивната содржина. Судијата Николчо Николовски од Врховниот суд на РМ наведе дека е потребно да се најде начин пресудите да се праќаат до сите судии, а не само до судовите. Министерката за правда на ова одговори дека судовите се тие кои што се должни да ги редистрибуираат пресудите до судиите во своите судови.

Владиниот Агент во врска со ова наведе дека Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП секоја пресуда ја преведува на македонски јазик и ја доставува до сите највисоки судски инстанци и останатите засегнати институции. Таа истакна дека заедно со преводот од пресудата, Бирото изработува и скратена содржина однонсо сиже на истата во неколку страни која што исто така се дистрибуира до институциите, паралелно и заедно со преводот на пресудата. Сепак, во насока на идејата пресудата да стигнува побрзо и до секој судија, Владиниот агент се согласи дистрибуцијата до сите институции каде тоа е возможно, како на пример кај судовите да се одвива по електронски пат на интернет страниците на институциите, од каде понатаму ќе биде обврска на самата нстистуција да ја дистрибуира пресудата интерно во институцијата.

По исцрпување на сите точки на дневниот ред, а во отсуство на било какви други коментари или прашања, состанокот беше завршен со благодарност до присутните за соработката и присуството на седницата.

Согласно усвоениот дневен ред и дискусијата на 15-тиот состанокот на Меѓуресорската Комисија беа усвоени следниве:

**Заклучоци и препораки од 15-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП**

- **Статус на извршување на препораките од 14-тата седница на Меѓуресорската комисија**

1. Се препорачува сите засегнати институции кои не постапиле по препораките на Меѓуреосрската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП усвоени на нејзината 14-та седница, да постапат по истите и за тоа преку Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП да известа во рок од 10 дена.

- **Селами и други против Република Македонија, А.бр. 78241/13, пресуда од 1 март 2018.**

*1.* Се препорачува на четирите апелациони судови и Врховниот суд на РМ да ја разгледаат можноста за заземање на став во врска со зголемување на сумите за надомест на штета кои се одсудуваат од страна на домашните судови на линија на ставовите на ЕСЧП во случајот Селами и други против РМ и до крајот на окомври 2018, преку Министерството за правда-Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја известат Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП по однос на таквата можност или евентуално усвоениот став.

- **Смичковски против Република Македонија, А.бр. 15477/14, пресуда од 5 јули 2018**.

1. Се препорачува Основниот суд Скопје I Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителот Дамјан Смичковски поднел предлог за повторување на постапката (К. Бр. 2846/12) по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа така, му се препорачува на Основниот суд Скопје I Скопје при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува на АСЈО да ги интензивира обуките на кривичните судии од сите инстанци на теми поврзани со членот 6 од ЕКЧП, а по можност да ги направи задолжителни за ова категорија на судии.

- **Асани против Република Македонија, А.бр. 27962/10, пресуда од 1 февруари 2018**

1. Се препорачува Основниот суд Скопје I Скопје суд на РМ при постапувањето по предлогот за повторување на постапката во предметот Асани против Република (К. Бр. 4957/07, нов К.ПОВ.бр.201/18) Македонија да ги имаат предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на ЕСЧП во оваа пресуда.

2. Се препорачува Министерството за правда да ја разгледа можноста за измени пред се во членот 400 од ЗКП со цел превенирање на идни и слични повреди на Европската конвенција за човекови права.

3. Се препорачува на АСЈО да ги интензивира обуките на кривичните судии од сите инстанци на теми поврзани со членот 6 од ЕКЧП, а по можност да ги направи задолжителни за ова категорија на судии.

- **Православната охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на пеќката патријаршија)" против Република Македонија, А.бр. 3532/07, пресуда од 16 ноември 2017.**

1. Се препорачува Основниот суд Скопје II Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали здружението жалител „Православната охридска архиепископија (Грко-православна охридска архиепископија на пеќката патријаршија)" поднело предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП или повторно подело барање за регистрација и доколку е тоа така, му се препорачува на Основниот суд Скопје II Скопје при постапувањето по барањето/предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на задолжителните обуки планирани за 2018/9 година да организира обуки за судиите од надлежните домашни судови, вклучително и судиите од Уставниот суд, во насока на следење на праксата на ЕСЧП при одлучување по барањата за регистрација на религиозни здруженија и во рок од 30 дена да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за преземените мерки.

- **Бекташиската заедница и други против Република Македонија, А.бр. 48044/10; 75722/12 и 25176/13, пресуда од 12 април 2018.**

1. Се препорачува Основниот суд Скопје II Скопје во рок од 60 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали здружението жалител „Бекташиската заедница“ поднело предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП или повторно подело барање за регистрација и доколку е тоа така, му се препорачува на Основниот суд Скопје II Скопје при постапувањето по барањето/предлогот, односно во повторената постапка да ги има предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на задолжителните обуки планирани за 2018/9 година да организира обуки за судиите од надлежните домашни судови, вклучително и судиите од Уставниот суд, во насока на следење на праксата на ЕСЧП при одлучување по барањата за регистрација на религиозни здруженија и во рок од 30 дена да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за преземените мерки.

- **Еуромак Метал v. Република Македонија, А.бр. 68039/14, пресуда од 14 јуни 2018**

1. Се препорачува Министерството за финансии да ја разгледа можноста за измени на Законот за додадената вредност со цел превенирање на идни и слични повреди на Европската конвенција за човекови права, а имајќи го предвид дописот од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП и во рок од 60 дена да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП за преземените мерки.

В.Д. Директор на Бирото за
застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент,
м-р Даница Џонова

Министер за правда,
д-р Рената Дескоска

Изготвила: Ирена Цуцулоска, Помлад соработник